<u>Образец бр. 2</u>

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

#### 1. Опис на проблемите

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредени обврзниците за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување. Во истиот не се вклучени лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита, како обврзници за плаќање на придонес за здравствено осигурување и не се здравствено осигурени лица.

Согласно Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2009), лицата со статус на признаен бегалец, до стекнување на својство на осигурено лице согласно со Законот за здравствено осигурување, имаат право на основни здравствени услуги како и државјаните на Република Македонија.

Во моментов примарната здравствена заштита за признаените бегалци и лицата под супсидијарна заштита се обезбедува преку посебни механизми, финансирани од УНХЦР (трошоците изнесуваат околу 8 милиони денари на годишно ниво). Меѓутоа, согласно известувањето од УНХЦР, трошоците за примарна здравствена заштита ќе бидат покривани до крајот на февруари 2012 година, по што оваа обврска ќе треба да ја преземе Министерството за труд и социјална политика.

Секундарната и терцијарна здравствена заштита овие лица ја остваруваат во сите здравствени установи на територијата на Република Македонија, а Министерството за труд и социјална политика ги покрива трошоците за доспеаните фактури за лекувањата кон секоја здравствена установа одделно.

#### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Доколку признаените бегалци и лицата под супсидијарна заштита влезат во системот на здравствена заштита, за нив би се уплатувал износ од околу 1.530 денари (на основица 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, по стапка од 10%), со што трошоците за нивна здравствена заштита значително би се намалиле.

Во моментов во државата има 24 лица со признат статус на бегалец и 1.041 лице со статус на лица под супсидијарна заштита, од кои 45% се деца на возраст од 0 до 17 години. Тоа значи дека МТСП ќе треба да ги покрива трошоците за здравствено осигурување за 585 лица, со што во целост би била покриена примарната, секундарната и болничката здравствена заштита идентично како и македонските граѓани, односно и тие ќе бидат обврзани да плаќаат партиципација за добиената здравствена услуга.

Според анализите на МТСП бројот на лица за кои ќе се уплатува придонес се очекува да се намали, бидејќи одреден број од овие лица се заинтересирани за враќање во нивните земји, а одреден број ќе го регулираат нивниот статус по други основи.

Со вклучувањето на лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита во системот на задолжително здравствено осигурување, за здравствена заштита за нив би се одвојувале околу 4,5 милиони денари за 2012 година, односно 2,7 милиони денари за 2013 година, со што ќе се избегне.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

- Опција 1: "Не прави ништо" односно да не се менува постојната регулатива
- Опција 2: Донесување на Закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

## Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

### Предложено решение (опција): Опција 1

Не прави ништо: Опцијата "не прави ништо"

**Опис:** Доколку не се донесе Законот, истото ќе резултира со тоа што лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита нема да бидат вклучени во системот на задолжително здравствено осигурување како осигурени лица, а истото ќе доведе до дополнително оптоварување на Буџетот на Република Македонија за околу 8 милиони денари на годишно ниво.

### 1. Трошоци

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. **Не**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. **Не**

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. **Да, Министерството за труд и социјална политика во рамки на својот буџет на годишно ниво обезбедува околу 4,5 милиони денари за здравствена заштита за лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита, а доколку не се донесе Законот, истото ќе предизвика дополнителни трошоци во износ од околу 8 милиони денари на годишно ниво за покривање на примарната заштита на примарната здравствена заштита за признаените бегалци и лицата под супсидијарна заштита.**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. **Не**

-Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. **Не**

**2. Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни. **Нема**

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни. **Нема**

**3. Ризици и претпоставки**

Доколку Владата на Република Македонија одлучи да не предложи донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, останува ризикот од дополнителни трошоци во износ од околу 8 милиони денари на годишно ниво за покривање на примарната заштита на примарната здравствена заштита за признаените бегалци и лицата под супсидијарна заштита.

**4. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Предложено решение (опција): Опција 2**

Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка

**Опис:** Со донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита ќе бидат вклучени во системот на задолжително здравствено осигурување како осигурени лица, со што трошоците на Министерството за труд и социјална политика за обезбедување на здравствени услуги за овие лица би биле во рамки на обезбедените средства за оваа намена. Така, во целост би била покриена примарната, секундарната и болничката здравствена заштита идентично како и македонските граѓани, односно и овие лица ќе бидат обврзани да плаќаат партиципација за добиената здравствена услуга.

**1. Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. **Не**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. **Не**

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. **Да, Министерството за труд и социјална политика во рамки на својот буџет на годишно ниво обезбедува околу 4,5 милиони денари за здравствена**

**заштита за лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита.**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. **Не**

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. **Не**

## 2. Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

**Избегнување на дополнително оптоварување на Буџетот на Република Македонија од околу 8 милиони денари на годишно ниво.**

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

**Зголемување на социјалната сигурност на лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита.**

## 3. Ризици и претпоставки

Од донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување не се очекуваат ризици.

## 4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

За подготовка на решенијата содржани во законот ќе се користат податоците од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство.

**Резиме на иницијалната**

**проценка на влијание на регулативата**

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Согласно направената анализа, Министерството за финансии како преферирано решение ја прифати втората опција. Имено, во предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се предложува законско решение преку кое придобивки остваруваат засегнатите страни.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Анета Димовска, Раководител на одделение

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Наташа Стојмановска, Државен секретар во Министерство за финансии

Јордан Трајковски, Раководител на Сектор во Министерство за финансии

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Нема** влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | **Нема** влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | **Нема** влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | **Има** влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | **Нема** влијание | врз животната средина. |
| 6. | **Има** влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: /<br><br>Вклучени организации и претставници: Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, Фондот за здравствено осигурување, Управата за јавни приходи, Секретаријатот за законодавство.<br><br>Свое мислење дадоа следниве организации: По Предлог законот треба да се произнесат Министерството за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Секретаријатот за законодавство. | **НЕ** |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | **ДА** |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | **НЕ** |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | **ДА** |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | **НЕ** |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | **НЕ** |

**Изјава од министерот**

Јас, ***М-р Зоран Ставрески,*** изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

М-р Зоран Ставрески

___________________________

Датум: .02.2012 година

Подготвил: Бојана Илиевска
Контролирал: Анета Димовска
Одобрил: Јордан Трајковски
Согласен: Наташа Стојмановска